**Одлука бр.12**

Управниот одбор на Teниска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 19.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за организација на турнирите од ПРОЕКТОТ ДЕТСКИ ТЕНИС**
**црвени, портокалови и зелени турнири**
**(календар, организација, котизација, учество)**

## I. Календар, организација

**Член 1**

ЦРВЕНИ (мини тенис), ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири се организираат за поттикнување на најмладите тенисери кон натпреварувачкиот тенис.

Календарот за ЦРВЕНИ (мини тенис), ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири е во надлежност на Комитет за развој на ТФСМ.

Тенискиот клуб организатор на ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис), ЦРВЕНИ (мини тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири ја превзема целокупната организација на турнирот и се во целосно покровителство и надзор на Комитетот за развој на ТФСМ.

## II. Регистрација

**Член 2**

За регистрација, односно издавање годишна членска карта за учество на ЦРВЕНИ (мини тенис), ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири за секој член неговиот матичен клуб е должен да плати такса на ТФСМ во износ од 500,00 денари, а за странци членки на домашни клубови регистрацијата е 1.000 денари.

## III. Котизации кои ги плаќаат тениските клубови кон ТФСМ

**Член 3**

- Котизацијата за организација на национални ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и национални ЦРВЕНИ (мини тенис) турнири изнесува 4.000,00 денари+150 денари по учесник.
- Котизацијата за организација на национални ЗЕЛЕНИ ТУРНИРИ турнири изнесува 6.000,00 денари+150 денари по учесник.

**Член 4**

Тениските клубови кои се организатори на турнирите од ПРОЕКТОТ ДЕТСКИ ТЕНИС должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на ТФСМ наредниот ден по завршувањето на турнирот.

**Член 5**

ТФСМ назначува делегат/врховен судија. ТФСМ врши исплата на делагатите/врховните судии согласно одлуката донесена од Управниот одбор на ТФСМ.

Клубот организатор назначува 2 помошници на делегатот/врховен судија. Помошник на овие турнири може да биде секој тренер едуциран и лиценциран за тековната година со минимум ниво

Играј тенис во клубот организатор. Исплатата на помошниците ја врши клубот организатор на турнирот.

## IV. Котизации кои ги плаќаат натпреварувачите кон тенискиот клуб организатор на турнирот

**Член 6**

- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на национални ЦРВЕНИ (мини тенис) и национални ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) турнири изнесува:
- за турнири од летниот календар 400,00 денари.

Котизацијата за учество на секој натпреварувач на национални ЗЕЛЕНИ турнири изнесува:

- За турнири од летниот календар 700,00 денари.

**Член 7**

Натпреварувачите кои се пријавиле за учество на турнирите должни се да ја уплатат котизацијата на клубот организатор пред почетокот на турнирот.

**Член 8**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2024 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година